NDI
NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

Шведска Sverige

**Северна Македонија: Жените и мажите водат (WoMen Lead)**
**Унапредување на родовата еднаквост преку политичко учество на жените**

**1 ноември 2020 – 30 јуни 2023**

Унапредувањето на родовата еднаквост е важен предизвик за демократскиот напредок на Северна Македонија. Жените во Северна Македонија имаат ограничен пристап до моќта да носат одлуки бидејќи се соочени со индивидуални, социо-културолошки и институционални бариери во политичкото учество. Бариерите за родова еднаквост во носењето одлуки се однесуваат на отсуството на искуство и вештини меѓу жените политичарки, институционални пречки во политичките партии, парламентот и владата, социо-културолошки норми коишто опстојуваат и ја отсликуваат родовата пристрасност, и насилство врз жените во политиката (VAW-P). Поповолно опкружување за политичкото учество на жените би дало придонес за севкупната родова еднаквост и би ја зголемило веројатноста за поголем број жени да се одлучат да учествуваат во политичкиот живот.

Со финансиска поддршка од Шведската агенција за меѓународна развојна поддршка (Сида) и потпирајќи се на глобалната експертиза и експертизата во земјата за политичкото учество на жените, Националниот демократски институт (НДИ) започнува да ја спроведува програмата Жените и мажите водат - WoMen Lead (#WoMenLead), со цел нивно јакнење за да се намалат индивидуалните, социо-културолошките и институционалните бариери за политичкото учество на жените во Северна Македонија. Преку оваа програма, НДИ има за цел да се подобрува родовата еднаквост во политичките партии, да им се обезбедат вештини и опкружување со поддршка на жените кандидатки за да водат успешни кампањи и да управуваат на локално ниво, како и да се намали насилството врз жените во политиката.

**НДИ ќе користи тристран пристап за да се зголеми целисходното и безбедното учество и застапеност на жените во политиката.**

„Да бидам јасна: за жените, насилството не е ниту исправна ниту неизбежна цена за учество во политиката. Учеството во политиката е начинот на кој ќе ставиме крај на насилството врз жените."

Меделин К. Олбрајт, Претседавач на НДИ и
64-ти Државен секретар на САД

➢ Прво, НДИ ќе работи со раководството на политичките партии од целиот идеолошки спектар. Во координација со партиските раководства, НДИ ќе формира работна група за родова еднаквост за да се направи проценка на постојните практики за родова еднаквост во политичките партии, и да се преземаат активности за унапредување на политичкото учество на жените и за борба против насилството врз жените во политиката. Во консултации со работната група, НДИ ќе понуди обука за градење на капацитетите на жени и мажи лидери за да се охрабруваат талентите во политичките партии. Сесиите за обука ќе бидат насочени на развој на инклузивни политики и вештини за лидерство.

➢ Второ, со оглед дека инвестициите на локално ниво се инвестиции за иднината на политичкиот ангажман на жените во целата земја, НДИ ќе обезбедува наменска техничка помош за жените кандидатки за избрани функции на општинско ниво. НДИ ќе организира

сесии за обука за градење на вештините и знаењата коишто се неопходни за подготовка и успешно спроведување на изборни кампањи, и ќе формира мрежи за колегијална поддршка за да жените останат поврзани за време на и по завршувањето на изборниот циклус. Исто така, НДИ ќе обезбеди обука за родова еднаквост за мажите кандидати кои планираат да се кандидираат за локалните избори.

➢ Трето, НДИ ќе работи со политичките партии, парламентот, граѓанското општество и медиумите на подигнување на свеста за насилството врз жените во политиката и разгледување на мерки за да се искорени оваа пречка за државната служба. За таа цел, НДИ ќе спроведе медиумска кампања за да се поттикне политичко и јавно мислење против говорот на омраза и да се охрабри законодавно застапување за да се намали насилството врз жените во политиката. Покрај тоа, НДИ ќе работи со политичките партии коишто ќе учествуваат на локалните избори и со медиумите за да се потпише Кодекс на однесување како заложба за борба против насилството врз жените во политиката.

За повеќе информации за Жените и мажите водат (WoMen Lead), контактирајте со Џеневив Шеа (gshea@ndi.org) во Вашингтон ДЦ или Александра Цветковска (acvetkovska@ndi.org) во Северна Македонија.